# „ПРАВЕН, ФИНАНСИСКИ И ФИЗИЧКИ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

## Физичка пристапност до судовите во Р. Македонија

***„Пет од десет судови во Р.Македонија немаат лифтови кои би можеле да бидат користени од лицата со попреченост, а додека пак во три од судовите лифтовите не се функционални за користење“***

***„Првичните резултати од истражувањето покажуваат дека сите категории на лица со попреченост се соочуваат со потешкотии во поглед на пристапноста до суд и до правда, со што им е ограничено правото на фер и правично судење под еднакви услови како за сите согласно со законите и меѓународните прописи”***

*Овој бриф е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот за граѓанско учество во Македонија. Содржината е одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.*

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

декември 2018
Скопје

# „Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Република Македонија“

Во рамките на проектот „**Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Република Македонија**“ кој е овозможен со поддршка од американскиот народ во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, Коалицијата спроведе првично (пилот) истражување во поглед на физичката пристапност на 10 основни судови и нивните услуги.

**Податоците се добиени од страна на 16 набљудувачи на Коалицијата Сите за правично судење кои моментално спроведуваат мониторинг на граѓански судски постапки од аспект на правниот, финансискиот и физичкиот пристап до правда во 10 основни судови во Р.Македонија. За потребите на овој бриф исто така беа побарани информации од јавен каратер од судовите во однос на колку лица се вработени како толкувачи на знаковен јазик, дали е овозможен пристап до документи и списи на Браилово писмо и дали имаат вработено лице за контакт со лица со попреченост. На барањето за информација од јавен карактер само осум (8) Основни судови доставија информација додека другите два (2) суда сеуште немаат доставено информација.**

Сите десет (**10**) судови предмет на ова истражување се наоѓаат во објекти во кои можат да пристапат лица кои се движат со помош на инвалидска количка. Пет (5) од судовите (Струга, Охрид, Скопје 2, Прилеп и Струмица) се сместени во објекти каде нема потреба од пристапни рампи (влезот во истите е на едно ниво), додека останатите пет (5) судови (Велес, Битола, Гостивар, Тетово и Штип) имаат изградено пристапни рампи за влез во објектите. Иако зградите на судовите се пристапни од надвор, 3 од судовите, (ОС Скопје 2, ОС Струга и ОС Струмица) немаат судници на приземјето, додека во два (2) од судовите, (ОС Гостивар и ОС Охрид) на приземјето има само една судница која се користи само за конкретна намена- судења за прекршоци.



На ова се надоврзува фактот дека само два (2) од судовите (ОС Струга и ОС Битола) имаат лифтови за пристап до катовите на објектот, додека пак три (3) од судовите, (ОС Скопје 2, ОС Гостивар и ОС Охрид) иако имаат лифтови, истите не се функционални.

Во сите од судовите постојат ознаки за полесно движење и навигација на странките низ објектите, па така судниците во сите судови се нумерирани и има насоки каде со наоѓаат истите, со тоа што во 1 суд (ОС Прилеп) овие информации се достапни само во холот на приземјето од објектот. **Сепак, ниту еден од судовите нема ознаки на Браилово писмо, ниту пак тактилни ленти за слободно и самостојно движење и навигација на лица со оштетен вид низ судовите.**

Поради тоа иако објектите на судовите се пристапни од надвор, речиси половината од судовите предмет на ова истражување немаат соодветен пристап до своите простории и услуги за лица кои се движат со помош на инвалидска количка, ниту пак имаат соодветни услови за движење низ самите објекти. Поточно два (2) од судовите немаат судници до кои можат да пристапат лица кои се движат со помош на количка, а два (2) од судовите имаат само по една судница со ограничена намена.

Судовите располагаат со места за седење во просторот определен за чекање, како и со тоалети (кои не се функционални во ОС Скопје 2), додека пак истите не се приспособени за користење од страна на лица со посебни потреби во ниту еден од судовите.

Дополнително во поглед на пристапноста на судовите и услугите кои ги пружаат на граѓаните, вработените во судовите, со исклучок на припадниците на судската полиција и судиите, немаат легитимации, униформи или било какви ознаки со кои граѓаните можат да ги препознаваат судските службеници. Само три (3) суда (ОС Скопје 2, ОС Прилеп и ОС Струга) имаат вработено лица кои би можеле да помогнат на лица со попреченост. Она што е впечатливо е тоа што лицето задолжено за помош на лица со попреченост е едно лице кое е задолжено за сите категории на лица со попреченост, што ја става под знак прашалник практичната функционалност на ваквата помош која им се пружа на лицата со попреченост од службеното лице.



Исто така, ОС Скопје 2 е единствениот суд во кој постои регистар на овластени судски толкувачи од и на знаковен јазик, и истиот располага со 3 толкувачи на знаковен јазик. Ниту еден од судовите нема услови да овозможи препис на документи на Браилово писмо.

**Првичните резултати од истражувањето покажуваат дека сите категории на лица со попреченост се соочуваат со потешкотии во поглед на пристапноста до суд и до правда, со што им е ограничено правото на фер и правично судење под еднакви услови како за сите согласно со законите и меѓународните прописи.**

Различни категории на лица со попреченост се соочуваат со различни ограничувања на своите права и пристапот до судските објекти или услуги, поради што е неопходно при своето организирање, планирање и работење судовите да ги имаат предвид различните заложби кои треба да ги направат со цел да овозможат ефективна примена на правото на фер судење, како и на пристапноста до правда од страна на сите граѓани.